РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-3539/2
20-05 2008 год.
Скопје

Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија објавува

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на потребата за оцена на влијанието на проектот за управување на отпадни води на локално ниво врз животната средина, како и обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина (ОВЖС)

**1. Краток опис на известувањето за предложениот проект:**
Општина Прилеп има намера да изведе проект за изградба на пречистелна станица за третман на отпадни води од колекторскиот систем за отпадни води во градот Прилеп и да изврши санација и надградба на постојната канализациона мрежа. Во пречистителната станица за отпадни води ќе се третира целокупниот испуст од колекторскиот систем за отпадни води, кој во моменот изнесува околу 400л/сек, по што истиот би се испуштал во коритото на Прилепска река. Пречистителната станица ќе биде проектирана за 95000 еквивалент жители според анализите изготвени во Главниот План и ќе ги пречистува отпадните води од домаќинствата, комерцијалните, институционалните и од претходно пречистените индустриски отпадни води.
Главна причина за спроведување на проектот е намалување на штетните влијанија од испуштањето на отпадните води во Прилепска река, како и во Боротинска и Црна река кои се вливаат во река Вардар. Со изградбата на пречистителната станица ќе се обнови животинскиот и растителниот свет во реките, ќе се намали можноста од појава на заразни болести и ќе се подобри квалитетот на земјоделските површини кои што се наводнуваат со водите од горенаведените реки.
Пречистителната станица ќе се изгради на препорачаната локација (опција број 2 од физибилити студијата) која се наоѓа на околку 450м низводно од постојниот испуст за отпадна вода на јужната страна од Прилепска река. За оваа локација е потребно продолжување на постојниот колектор со дијаметар од 700мм за дополнителни 500м и ќе зафати вкупна површина од 68234м$^2$. Се очекува пречистителната станица да биде пуштена во употреба во 2013 година со работен век од 25 години.

**2. Краток опис на содржината и причината за одлуката за утврдување на потребата од спроведување на постапката за ОВЖС:**
Согласно Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на РМ" бр. 74/05) предложениот проект спаѓа во Прилог 1 од Уредбата и за истиот задолжително се изготвува Студија за оцена на влијание врз животната средина. За таа цел, МЖСПП донесе Решение за утврдување на потребата за оцена на влијанието на проектот за управување на отпадни води на локално ниво врз животната средина и го определи обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
Обемот на студијата ќе ги опфати особено: влијанието од изградбата, работењето и затворањето на проектот врз промените на локацијата за пречистителната станица, врз користењето на природните ресурси (а особено врз ресурси што не се обновливи или се оскудни), употребата или производство на супстанции или материјали кои се штетни по здравјето на луѓето или по животната средина, производството на цврст отпад, емисии на загадувачки материи во воздухот, предизвикување бучава, вибрации или зрачења, контаминација на земјиштето или водата од испуштања на загадувачки материи, можноста од настанување на несреќи и од социјални промени кај населението (миграции, вработување и слично).

**3. Укажување дека одлуката за утврдување на потребата за ОВЖС може да се обжали:**
Против ова решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од осум дена од денот на објавување на ова решение.

**4. Опис на преостанатиот дел од постапката за ОВЖС што треба да се спроведе:**
- Инвеститорот ја подготвува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и ја доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во писмена и во електронска форма
- Во рок од 5 работни дена од денот на приемот на студијата, МЖСПП објавува, во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на локалната радио и ТВ, за тоа каде може јавноста да изврши увид во студијата за ОВЖС, додека нетехничкиот извештај за студијата се објавува на Интернет станицата на МЖСПП
- МЖСПП изготвува извештај за соодветноста на студијата за ОВЖС, кој се објавува на начин утврден во член 86 став 10 и член 90 став 1 точка 4 од Законот за животна средина
- МЖСПП е должно да обезбеди одржување на јавна расправа во однос на студијата за ОВЖС и да обезбеди достапност на информациите кои и се потребни на јавноста за учество во јавната расправа, како и да ги извести здруженијата на граѓани формирани за заштита и унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.
- Врз основа на студијата за ОВЖС, извештајот за соодветноста на студијата за ОВЖС, јавната расправа и добиените мислења, МЖСПП носи Решение со кое се дава согласнот или се одбива барањето за спроведување на проектот.

**5. Карактер на понатамошните одлуки што треба да се донесат во врска со постапката за ОВЖС:**
- Извештај за соодветноста на студијата за ОВЖС со кој се утврдува дали студијата ги задоволува барањата пропишани со Законот за животна средина и дали предлага услови кои треба да се утврдат со дозволата за спроведување на проектот, како и мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија
- Решение за давање согласност или одбивање на спроведувањето на проектот, по чие што донесување проектот може или не може да се спроведе

Скопје, 20 мај 2008